Врз основа на член 67 став (1) точка 2. потточка 2.2., а во врска со член 146 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/25 и 135/25) Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 30 април 2026 година донесе

# О Д Л У К А

за одобрување на Правилник за вонредни состојби и повторно воспоставување на електроенергетскиот систем на Операторот на електропреносниот систем на Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост ,Скопје, АД МЕПСО Скопје

1. Со оваа одлука се одобрува Правилникот за вонредни состојби и повторно воспоставување на електроенергетскиот систем на Операторот на електропреносниот систем на Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост ,Скопје, АД МЕПСО Скопје.

2. Се задолжува Операторот на електропреносниот систем на Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост ,Скопје, АД МЕПСО Скопје, Правилникот од точка 1 на оваа одлука да ги објави во “Службен весник на Република Северна Македонија“ и на неговата веб страницата.

3. Оваа одлука се доставува до Операторот на електропреносниот систем на Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост ,Скопје, АД МЕПСО Скопје.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

## О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на член 67 став (1) точка 2 потточка 2.2 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/25 и 135/25) Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) одобрува, правила, планови и програми донесени од соодветните оператори.

Со допис бр. 09-2423 од 23 април 2026 година примен во архивата на Регулаторната комисија за енергетика и заведен под бр. 12-655/1 од 24 април 2026 година и допис бр. 09-2498/1 од 28 април 2026 година со Одлука на Управниот одбор бр. 02-2493/1 од 28 април 2026 година примен во архивата на Регулаторната комисија за енергетика на 29 април 2026 година и заведен под бр.12-655/2, Операторот на електропреносниот систем на Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост ,Скопје, АД МЕПСО Скопје (во натамошниот текст: АД МЕПСО Скопје), до Регулаторната комисија за енергетика достави на одобрување Правилник за вонредни состојби и повторно воспоставување на електроенергетскиот систем на АД МЕПСО- Скопје.

Правилникот за вонредни состојби и повторно воспоставување на електроенергетскиот систем на АД МЕПСО- Скопје согласно решение за свикување на подготвителна седница бр.02-674/1 од 29 април 2026 година, беа предмет на расправа на подготвителна седница која се одржа на 30 април 2026 година.

На 30 април 2026 година Регулаторната комисија за енергетика одржа седница на која го разгледа и одобри Правилникот за вонредни состојби и повторно воспоставување на електроенергетскиот систем на АД МЕПСО- Скопје, кои што се во прилог на оваа одлука.
Имајќи го во предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот.

**Бр. 12-655/4**
**30 април 2026 година**
**Скопје**

**Претседател**
**на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги**
**и услуги за управување на комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Ацо Ристов**

Прилог:
- Правилникот за вонредни состојби и повторно воспоставување на електроенергетскиот систем на АД МЕПСО- Скопје